ADING
состојка на секоја градба

# РЕПАРАТУР МАЛТЕР Ф1

*Цементно-полимерен малтер за репарација на пресеци со дебелина 0,3-0,7 cm, со компензација на собирањето и армиран со ПП-влакна*

*Одговара на EN 1504-3 Класа R2*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Репаратур малтер Ф1 се користи за репарации на бетонски и армирано бетонски елементи, за зголемување на заштитниот слој на арматура, за санација на оштетени и сегрегирани места и др.

## СВОЈСТВА

- Одлична адхезија за бетонска подлога;
- Високи јакосни карактеристики
- Ја зголемува трајноста на конструкцијата;
- Едноставен за подготовка и изведба;
- Отпорен на атмосферски влијанија;
- Не содржи хлориди;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Сива прашкаста маса |
| Водоматеријален фактор | - | 0.15 - 0.16 |
| Максимална големина на полнило | - | 1 mm |
| Волуменска маса | EN 12190 | (2050 - 2250) kg/m³ |
| Време на вкрутување<br>Почеток<br>Крај | EN 13294 | <br>(2÷4)h<br>(5÷7)h |
| Јакост на притисок<br>по 7 дена<br>по 28 дена | EN 12190 | <br>≥30 MPa<br>≥40 MPa |
| Јакост на свиткување<br>по 7 дена<br>по 28 дена | EN 12190 | <br>≥ 6 MPa<br>≥ 8 MPa |
| Адхезивна јакост (врска) | EN 1542 | ≥ 2,0 MPa |
| Адхезија по собирање/бабрење | EN 12617-4 | ≥ 2,0 MPa |
| Термичка компатабилност, Дел 1,<br>Адхезија по мрзнење/размрзнување | EN 13687-1 | ≥2,0 MPa |
| Капиларна апсорпција | EN 13057 | ≤ 0,5 $kg \cdot m^{-2} \cdot h^{-0.5}$ |

РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

## 1. ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Подлогата на која се нанесува Репаратур Малтер Ф1 треба да биде чиста, да бидат отстранети сите лабилни делови, обеспрашена, обезмастена и заситена со вода. Температурата на површината на која се нанесува материјалот треба да биде во граници од 5°C до 30°C.
При санација на стари оштетени армирано бетонски елементи, видливата арматура и анкери треба да се исчистат од корозија, остатоци на боја и масло (со челична четка или  пескарење). За дополнителна антикорозивна заштита, вака припремените челични елементи препорачливо е да се обложат со премаз за активна заштита од корозија Репаратур Пенетрат.
Во случај кога се врши санација на бетонска подлога која е многу порозна или има ниски јакосни карактеристики, препорачливо е пред нанесувањето на Репаратур Малтер Ф1 подлогата да се импрегнира со прајмер припремен со користење на Врска У.

## 2. ВГРАДУВАЊЕ

Нанесувањето на измешаниот материјал се врши рачно со шпахтла, мистрија и метална глетарка или пак се врши машински со распрскување.
1. РАЧНО ВГРАДУВАЊЕ
Смесата од Репаратур Малтер Ф1 се подготвува со додавање на вода, во тежински однос од 150 до 160g за 1kg материјал (на една вреќа од 25 kg потребни се 3,75 до 4,0 kg вода). Смесата континуирано се меша со бавен мешач до потполна хомогенизација - најмалку  3 мин. Нанесувањето на измешаниот материјал се врши со шпахтла, мистрија или метална глетарка.
2. МАШИНСКО ВГРАДУВАЊЕ СО РАСПРСКУВАЊЕ
Репаратур Малтер Ф1 може да се нанесува со машинско распрскување по “мокра” и “сува” постапка. По потреба, свежо нанесениот материјал може да се до-обработи со рачен алат (глетарки), до постигнување на бараниот изглед и мазност на површината.
3. ПРЕПОРАЧАНА ДЕБЕЛИНА НА СЛОЕВИ ПРИ ВГРАДУВАЊЕТО
Препорачаната дебелина на нанесен материјал Репаратур Малтер Ф1 во еден слој (една работна постапка) изнесува од 0,3 до 0,7 cm. При нанесување на Репаратур Малтер Ф1 во повеќе слоеви, секој нареден слој се нанесува по врзување на претходниот (во период од неколку часа, во зависност од температурата, конзистенцијата, ветерот и влажноста). Доколку Репаратур малтер Ф1 се нанесува на вертикални и плафонски површини во слоеви со поголема дебелина од препорачаната, можно е да дојде до пролизгување или паѓање на нанесениот материјал.
4. НЕГА НА СВЕЖИОТ РЕПАРАТУР МАЛТЕР Ф1
Првите неколку часа по извршената апликација материјалот треба да се штити од пребрзо сушење со примена на соодветни методи за нега на малтер – прскање со вода, покривање и примена на специјализирани средства за нега на свеж бетон (пр. Заштита Б3). Потребно е да се спречи директна изложеност на сонце и ветер.
При нанесување на Репаратур Малтер Ф1 во полиња со поголема површина, истите потребно е да се поделат со работни фуги.

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој со дебелина од 1.0 cm потрошувачката изнесува приближно 20-21 kg/m$^2$

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 25 kg.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце . Рок на употреба: 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE

2032

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060**

**Скопје, Република Северна Македонија**

**17**

**GCBI001/6**

**EN 1504-3:2005**

**РЕПАРАТУР МАЛТЕР Ф1**

**Производ за неконструктивни репарации на бетон PCC малтер (на база на хидрауличен цемент)**

| | |
|---|---|
| **Јакост на притисок:** | **Класа R2** |
| **Содржина на хлор јони:** | **$\leq$ 0.05%** |
| **Адхезивна јакост (врска):** | **$\geq$ 0.8MPa** |
| **Термичка компатибилност, дел.1:** | **$\geq$ 0.8 MPa** |
| **Капиларна абсорпција:** | **$\leq$ 0,5 $kg{*}m^{-2-}{*}h^{-0.5}$** |
| **Реакција на пожар:** | **Евкрокласа A1** |

Опасност по здравјето: Репаратур Малтер Ф1 не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или очи, потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Репаратур Малтер Ф1 е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистење на остатоци од Репаратур Малтер Ф1 е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk